години од добивање на правосилно одобрение за градење. Во спротивно, доколку купувачот не извади одобрение за градење во предвидениот рок, односно доколку објектите не се изградат во определениот рок по вина на купувачот, истиот ќе има обврска да плаќа договорна казна во висина од 1,5% од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во првата година од истекот на рокот, односно 3 % од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во втората година од истекот на рокот, односно 4,5 % од вкупно постигнатата цена на јавното наддавање на предметното земјиште за секој изминат месец во третата и секоја наредна година од истекот на рокот.

21. Најповолниот понудувач се обврзува да го плати данокот на промет што ќе произлезе како обврска по склучениот догвор за отуѓување на градежно земјиште.

22. Минималниот процент кој треба да биде изграден од вкупно развиената површина за градење предвидена со урбанистичкиот план за предметната градежна парцела не смее да биде помалку од 30%.

23. Сопственикот на градежното земјиште стекнато во постапка за отуѓување по пат на јавно наддавање не смее истото да се пренесува на трети лица, пред исполнување на обврските од договорот за отуѓување на истото. Забраната за пренесување на трети лица се прибележува во јавната книга за запишување на правата на недвижности.

24. Во цената на градежното земјиште не е вклучен надоместокот за уредување на градежното земјиште.

25. Трошоците за нотарската процедура и воведувањето во евиденцијата на недвижностите во Агенцијата за катастар за недвижности паѓаат на товар на купувачот на градежното земјиште.

26. Незадоволните учесници на јавното наддавање можат да изјават приговор до Комисијата во рок од 3 (три) дена од одржаното електронско јавно наддавање. По приговорот Комисијата е должна да одлучи во рок од 5 (пет) работни дена од приемот на истиот.

27. Против решението донесено од страна на комисијата, со кое се одлучува по поднесен приговор, странката има право да поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен.

28. Банкарската гаранција за сериозноста на понудата за секоја градежна парцелаќе важи до 1.9.2027 година за најповолните понудувачи, а за сите останати по завршување на јавното наддавање.

29. Неисполнување на обврските од член 75 став (1) точката 7) од Законот за градежно земјиште, односно по паѓање на купувачот во задоцнување со исполнување на обврската три месеци последователно, претставува основ отуѓувачот, по три последователни месечни повици за извршување, како доверител со изјава за неисполнување на обврските од договорот да побара потврда за извршност на договорот, односно да побара наплата на договорената казна што претставува и основ за еднострано раскинување на договорот, при што 80% од вкупната сума од отуѓувањето, не му се враќаат на купувачот.

30. Обврска е на купувачот да го плати данокот на промет што ќе произлезе како обврска по склучениот договор за отуѓување на градежното земјиште како и нотарски трошоци во случај на раскинување на договор по вина на купувачот.

31. Градежното земјиште сопственост на Република Северна Македонија, кое е предмет на објавата се до исполнување на обврските од договорот не може да биде дел од стечајна маса.

32. Трошоци за спроведување на постапката во износ од 10% од вредноста на банкарската гаранција, но не повеќе од 15.000,00 денари паѓаат на товар на купувачот.

Оваа објава ќе биде објавена и на WEB - страницата на Општина Штип,www.stip.gov.mk.

Комисија за спроведување на постапка
за јавно наддавање

---

ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА
СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 84 став 3 од Законот за општата управна постапка, Царинската управа на Република Северна Македонија, врши

ЈАВНА ОБЈАВА ЗА ДОСТАВА НА ОПОМЕНА

Царинската Управа на Република Северна Македонија има донесено опомена која не е во состојба да ја достави со лична достава и тоа:

- Опомена број 37-018044/26-0004 од 22.5.2026 година за неплатен акцизен долг за Друштвото за производство, промет, трговија и услуги АЛПХАПХАРМ ГРОУП ДОО Скопје со седиште на бул. „Борис Трајковски“ бр. 73/зграда 95 Скопје и ЕДБ 4058023545830.

Се повикува горенаведеното правно лице, во рок од осум (8) дена од денот на објавувањето на оваа објава да се јави во просториите на Царинската управа, на ул. „Лазар Личеновски“ бр. 13, Скопје, во својство на странка за прием на горенаведеното решение, секој работен ден од 8:30 до 16:30 часот.

Предупредување:
Согласно со член 84 став 6 од Законот за општа управна постапка овој начин на доставување се смета за уредна достава и сите негативни последици кои можат да настанат ги сноси самата странка.

Царинска управа на
Република Северна Македонија

## КОНКУРСИ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

К О Н К У Р С
ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ИЗВРШИТЕЛИ

Врз основа на член 34, а во врска со член 74 од Законот за извршување („Службен весник на Република Македонија“ бр. 72/16, 142/16, 233/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.14/20 и 154/23), Министерството за правда распишува Конкурс за именување:

- на еден извршител за подрачјето на Основниот граѓански суд Скопје и Основниот кривичен суд Скопје - на местото на извршителот Горан Тошевски од Скопје, на кој му престана должноста извршител.

1. Кандидатот за извршител треба да ги исполнува условите предвидени во членот 33 од Законот за извршување, и тоа:

- да е државјанин на Република Северна Македонија,
- да е деловно способен и да има општа здравствена способност, што се докажува со уверение издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот;
- да е дипломиран правник со завршено четиригодишно високо образование на правни студии или дипломиран правник со стекнати 300 кредити на правни судии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);

- да има положено правосуден испит;
- да има положен испит за извршител;
- да има работно искуство на правни работи најмалку пет години по завршувањето на правни студии VII/1 степен или 300 кредити на правни студии според Европскиот кредит-трансфер систем (ЕКТС);
- активно да го владее македонскиот јазик;
- да не е осуден со правосилна судска одлука на безусловна казна затвор над шест месеци, или да не му е изречена казна забрана за вршење на професија, дејност или должност;
-да даде изјава пред нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршни работи и
-да даде изјава пред нотар за својата имотна состојба, со сите последици од давање на лажен исказ.

2. Заинтересираните кандидати кон пријавата треба да приложат: кратка биографија, уверение за државјанство, уверение за деловна способност, лекарско уверение за општата здравствена состојба издадено од надлежна здравствена установа од областа на медицина на трудот кое не е со изминат рок од 12 месеци, диплома за завршен правен факултет, уверение за завршен правен факултет, доказ за работно искуство односно потврда за работно искуство на правни работи по завршување на правни студии, уверение за положен испит за извршител, уверение за положен правосуден испит, уверение за неосудуваност, уверение дека не му е изречена казна забрана за вршење на професијата извршител, изјава заверена кај нотар дека ќе обезбеди опрема и простор кои се потребни и соодветни за вршење на извршните работи и изјава заверена кај нотар за својата имотна состојба.

3. Рокот за пријавување на заинтересираните кандидати е 15 дена, сметано од денот на објавување на Конкурсот во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

4. Пријавите со прилози (во оригинал или фотокопии заверени кај нотар) со кои се докажува дека се исполнети условите за именување на извршител, предвидени во членот 33 од Законот за извршување, се поднесуваат писмено до Комората на извршители на Република Северна Македонија.

5. Извршителот кој ќе биде именуван на местото на извршителот чија должност престанала ќе ги преземе предметите и ќе продолжи со работа во канцеларијата на извршителот чија должност престанала.

Министер за Правда
Игор Филков, с.р.

## ЈАВНИ НАБАВКИ

### О Г Л А С
### ЗА ЈАВНА НАБАВКА

**Број на оглас: 11835/2026**

ДЕЛ I: ДОГОВОРЕН ОРГАН
I.1) Податоци за договорниот орган
**I.1.1) Назив на договорниот орган: ЈП Водовод и канализација - Скопје**
I.1.2) Адреса: ул. „Лазар Личеноски“ бр. 9 Скопје
I.1.3) Град и поштенски код: Скопје - 1000
I.1.4) Интернет адреса:
I.1.5) Лице за контакт: Весна Панчевска, адреса на е-пошта: vesna.pancevska@vodovod-skopje.com.mk, телефон/факс: 3073-010
I.1.6) Дополнителни информации и тендерската документација може да се добијат на горната адреса
I.2) Категорија на договорен орган, негова главна активност или дејност:
Јавни претпријатија, акционерски друштва и друштва со ограничена одговорност од секторските дејности - Општи јавни услуги.

ДЕЛ II: ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ ЗА ЈАВНА НАБАВКА
**II.1) Предмет на договорот за јавна набавка: Услуга за превземање и уништување на опасен отпад**
II.1.1) Проценета вредност без ДДВ: 200.000,00
II.2) Вид на договорот за јавна набавка: Услуги - Категорија на услуга број: 16 Услуги за отстранување на отпадни води и на смет; санитарни и слични услуги
II.2.1) Место на испорака на стоките или извршување на услугите, или локација на извршување на работите: ЈП Водовод и канализација – Скопје (Сектор Третман на отпадни води – Пречистителна станица за отпадни води – Волково и Сектор Санитарна Контрола).
II.3) Секторски договор: Водоснабдување
II.4) Централно тело: Не
II.5) Групна набавка Не
II.6) Електронски каталог: Не
II.7) Поделтален опис на предметот на договорот за јавна набавка:
Даден во тендерска документација
II.8) Заеднички поимник за јавни набавки: Да
Основен предмет на јавната набавка-Главен поимник
Шифра Опис
90512000-9 - Услуги за транспорт на отпадоци
II.9) Делива набавка: Не
II.10) Рамковна спогодба: Не
II.11) Алтернативни понуди Не
II.12) Времетраење на договорот:
Период во месеци: 12
II.13) Претходна проверка на пазарот? Не.

ДЕЛ III: ПОСТАПКА
III.1) Вид на постапка: Поедноставена отворена постапка
III.2) Постапката за доделување на договор за јавна набавка ќе биде со скратени рокови: Не
III.3) Критериум за доделување на договор: Најниска цена
III.4) Електронска постапка? Да
III.5) Електронска аукција? Не.

ДЕЛ IV: ПРАВНИ, ЕКОНОМСКИ, ФИНАНСИСКИ И ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ
IV.1) Гаранции и авансно плаќање
IV.1.1) Гаранција на понудата: Не
IV.1.2) Изјава за сериозност: Да
IV.1.3) Гаранција за квалитетно извршување на договорот: Не
IV.1.4) Авансно плаќање: Не
IV.1.5) Здружување на група економски оператори во соодветна правна форма заради извршување на договорот (по извршен избор на најповолна понуда): Не
IV.1.6) Резервирани договори Не
IV.1.7) Посета на локација/Преглед на придружна документација: Не
IV.2) Критериуми за утврдување на способност на понудувачот или кандидатот
IV.2.1) За докажување на личната состојба, економскиот оператор треба да ги достави следниве документи:
- изјава дека во последните 5 години не е изречена правосилна судска пресуда за сторено кривично дело од член 88 став 1 од ЗЈН
- потврда дека не е отворена постапка за стечај од надлежен орган